


*Interruptio Cogitandi*, 2001
плотер принт/форекс | Plotter print/forex



*Генералот* | *The General*, 1988
акрил/платно, фотографија | Acrylic/canvas, photography

Жанета Вангели
*СИНХРОНИЦИТЕТИ* | *Архив 1987 – 2017*

*За навистина да знаеме и да разбереме како функционира универзумот, ние треба да го подигнеме нашето истражување над нивото на мисла и чувство, и да навлеземе во арената на директни, лични искуства. Тука синхроницитетот станува клуч што ги отклучува најголемите мистерии на универзумот. - Дејвид Вилкок*

Синхроницитетот е невидлив патоказ што нé води низ необичниот свет на скриени значења и доведува до носење одлуки што не се базирани врз рационалното, туку врз повисок степен на разбирање на стварноста.

Вангели се занимава со неуморно истражување на нови начини на уметничко изразување преку слики, објекти, инсталации, фотографии, видео уметност и филм. Преку овие медиуми, елементите се сведени на симбол на постоењето. Таа на еден акаузален начин во време-простор ги поставува екстремите на постоењето, занимавајќи се со категориите на променливото и непроменливото, видливото и невидливото.

Таа ја пренесува дисперзијата на духовната светлина на нејзините предци, врши глобална синтеза на естетската и религиозната, физичката и метафизичката, космолошката и историската стварност. Таа создава комплексен, многуслоен, отворен мозаик од значења, во кој сегментите се комплементарни, интерактивни и, на места, го интерпретираат митот за генезата и крајот. Оваа свест е содржана во енергијата при потрагата по непознатото и новото, но, пред сé, по неоткриеното лично.

Потребата од оваа изложба произлезе од фактот што огромен број дела од опусот на Жанета Вангели воопшто не се претставени во Македонија.

Zhaneta Vangeli
*SYNCHRONICITIES* | *Archive 1987 – 2017*

*In order to truly know and understand how the universe operates, we have to elevate our studies beyond the level of thoughts and feelings and into the arena of direct, personal experiences.This is where synchronicity becomes the key that unlocks the greatest mysteries of the universe.- David Wilcock*

Synchronicity is an invisible beacon that guides us through the extraordinary world of hidden meanings and into making decisions that are not based on the rational, but rather on a higher degree of understanding reality.

Vangeli tirelessly investigates new ways of artistic expression through paintings, objects, installations, photographs, video art and film.Through these media, the elements are deduced to a symbol of existence. She positions the extremes of existence in a non-causal manner in time-space, dealing with the variable and constant, visible and invisible categories.

She shifts the transfer and the dispersion of her ancestors' spiritual light, performs a global synthesis of aesthetic and religious, physical and metaphysical, cosmological and historical reality. She creates a complex, multi-layered open mosaic of meanings with complementary and interactive segments which, at times, interpret the myth of genesis and demise.
This consciousness is contained within the energy of the exploration of the new and unknown, but first and foremost of the personally undiscovered.

The necessity for this exhibition evolved from the fact that a great number of works of Zhaneta Vangeli's opus had never before been presented in Macedonia.

*СИНХРОНИЦИТЕТИ / Архив 1987 – 2017* за прв пат во оваа форма го прави видлив авторскиот креативен процес на идејно, концепциско и материјално рамниште, визуелно претставувајќи различни фази од нејзиниот динамичен светоглед, во 80-ите години од минатиот век силно инспирирана од нихилизмот на Фридрих Ниче, кој потоа прави обрт кон духовните доктрини, поточно кон теозофијата на Рудолф Штајнер, секако, произлезен од огромното влијание на Јозеф Бојс во германската култура (и политика) во тој период. Мистицизмот на Тома Аквински подоцна игра огромна улога во нејзините дела од раните 90-ти, а тој, пак, директно ја води кон православното духовно наследство, од кое таа, всушност, и потекнува, со посебен фокус врз апофатичката теологија. Вангели транзитира од една во друга естетско стилска постапка, а истовремено експериментира со кратки видео форми, видео инсталации, со експериментален игран филм, подоцна посветувајќи му се и на документарниот жанр. Од крајот на деведесеттите таа, откако претходно се занимавала со големоформатна аналогна фотографија, ѝ се посветува на компјутерски обработената фотографија, како една, за неа, логична конвенценца од занимавањето со видео и филм, не исклучувајќи го естетскиот потенцијал на видео-фрејмот, што посебно ја фасцинира.

*СИНХРОНИЦИТЕТИ / Архив 1987 – 2017* е селекција на слики, дела на хартија, реди-мејд објекти и инсталации, а во кино салата на музејот може да се проследат и проекциите: Видео селекција, т.е. избор од седум кратки видеа, 30 мин., ***Судијата***, експериментален игран филм, ц/б, 102 мин., Македонија/Германија 2001г., што ја имаше својата светска премиера на *59. Интернационален филмски фестивал во Венеција* во 2002 година, како и документарниот филм, ***Евреите од Македонија и холокаустот***, 35 мин., Македонија, 2011г., што содржи ретки и вредни историски снимки од тој период, во јавноста само еднаш прикажани во Македонија.

Оваа изложба, концепциски, иако не може да ги опфати сите нејзини творечки фази, а некои, поради просторната лимитираност, се и сосема изоставени, е фокусирана на големиот диверзитет на нејзините креативни постапки, што понекогаш се дијаметрално спротиставени, но нивното синхроно, на места, нелинеарно поставување во време-простор претставуваше посебен предизвик за реализацијата на оваа изложба.

Благоја Варошанец
Кустос

*SYNCHRONICITIES / Archive 1987 - 2017* renders visible the author's creative process at the level of ideas, concepts and matter for the first time in this form, visually presenting different phases of her dynamic worldview, strongly inspired in the 1980s by Friedrich Nietzsche's nihilism, which then turns to the spiritual doctrines, in particular to Rudolf Steiner's theosophy, a turn in her approach most certainly arising from the enormous influence of Joseph Beuys in German culture (and politics) during that period. A great role in her works from the early 1990s is played by Thomas Aquinas' mysticism, which subsequently directly lead her towards the orthodox spiritual heritage, where she actually originates from, focusing on apophatic theology. Vangeli transits between diverse aesthetical treatments, at the same time experimenting with short video forms, video installations, experimental feature films, devoting herself to the documentary genre later on. Starting at the end of the 1990s, following the previous works with large format analogue photography, she devotes to digitally processed images, regarded by her as a logical continuation of the works in video and film, not excluding the aesthetic potential of the video-frame, which she finds most fascinating.

*SYNCHRONICITIES / Archive 1987 – 2017* is a selection of paintings, works on paper, ready-made objects and installations, whereas the following projections can be viewed at the museum's cinema: Video Selection, i.e. a selection of 7 short videos, 30 minutes, ***The Judge***, an experimental feature film, b/w, 102 minutes, Macedonia/Germany 2001, which had its global premiere at the *59th Venice International Film Festival* in 2002, as well as the documentary film ***The Jews of Macedonia and the Holocaust***, 35 minutes, Macedonia, 2011, which contains rare and valuable historical footage from that period, publically shown in Macedonia only once.

Conceptually, although it is unable to cover all of her creative phases whereas others have completely been omitted due to spatial limitations, this exhibition focuses on the great diversity of her creative processes which, at times, tend to be diametrically opposed; however, their synchronic, even non-linear positioning in time-space presented a great challenge for the realization of this exhibition.

Blagoja Varoshanec
Curator

**Жанета Вангели**Zhaneta Vangeli

# СИНХРОНИЦИТЕТИSYNCHRONICITIES

Архив|Archive: 1987 - 2017

**Ретроспектива**Retrospective
15.08.-15.09.2017

**НУ МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ**
**NI MUSEUM OF CONTEMPORARY ART, SKOPJE**



*Pax TV*, 2006
Плотер принт/поцинкуван лим | Plotter print/galvanized metal sheet




*Иницијатор, иницијанд* | *Initiator, Initiand*, 1991
Акрил/платно | Acrylic/canvas

Издавач:/Publisher: НУ Музеј на современата уметност  Скопје, август, 2017/NI Museum of Contemporary Art Skopje, August, 2017
За издавачот:/Editor in chief: Мира Гаќина/Mira Gakjina; Куратор на проектот:/Curated by: Благоја Варошанец/Blagoja Varoshanec
Текст:/Text: Благоја Варошанец/Blagoja Varoshanec; Превод на англиски:/Translation: Таше Стрезовски/Tashe Strezovski
Лектура на македонски:/Proofreading in Macedonian: Марика Толовска/Marika Tolovska; Графичко обликување:/Graphic design: Илиана Петрушевска/Iliana Petrushevska; Печати:/Printed by: Polyesterday; Тираж:/Copies: 300

MUSEUMOFCONTEMPORARYARTSKOPJEМУЗЕЈНАСОВРЕМЕНАТАУМЕТНОСТСКОПЈЕ
Министерство за култура






*Евреите од Македонија и холокаустот*
*The Jews of Macedonia and the Holocaust*, 2011
документарниот филм, 35 мин., Македонија
documentary film 35 minutes, Macedonia




*Ex-F.Y.R.O.M.-изам или Непрестајната желба по вечноста / Ready-made свет*
*Ex-F.Y.R.O.M.-ism or The Constant Desire for Eternity / Ready-made World*, 1998
плотер принт/фото хартија | Plotter print/photo paper

БИОГРАФИЈА

Жанета Вангели е родена во Битола, Македонија, во 1963 г. Дипломирала на Државниот факултет за ликовни уметности - Штеделшуле (Staatliche Hochschule für Bildende Künste – Städelschule) во Франкфурт/М. во 1988 г. Од 1988–2008 г. работела како слободен уметник во Франкфурт/М. и Скопје. Од 2008 г. е професор на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Катедрата за сликарство, во звањето вонреден професор.

Таа е мултимедијален уметник, активен во сферите на сликарството, фотографијата, инсталацијата, видеото и филмот. Таа имала преку 20 самостојни изложби во Скопје, Битола, Штип, Хунген, Франкфурт/М., Хехст, Келн, Њујорк, Стокхолм, Аделаид и др. и учествувала на преку 230 домашни и меѓународни групни изложби и филмски фестивали, како на пример: Југословенска Документа '89, Скендерија, Сараево, 1989, Антологија на македонската уметност 1894-1994, Музеј на современата уметност, Скопје, 1994, Frankfurter Filmschau, Deutsches Filmmuseum, Франкфурт/М., 1994, 4th International Istanbul Biennial, Antrepo, Истанбул, 1995, 14th World Wide Video Festival, Haags Gemeentemuseum, Ден Хаг, 1996, After the Wall, Moderna Museet, Стокхолм 1999, Aspekte, Positionen, 50. Jahre Kunst aus Mitteleuropa 1949-1999, Museum Moderner Kunst Stiftung Ludwig Wien, Виена, 1999, Regards Projetes, Art Video Dans les Balkans, Musee d'Art Moderne e Contemporain de Strasbourg, Страсбур, 2000, Radiations - Macedonian Contemporary Art, The Japan Foundation Forum, Токио, 2000, 50th International Art Exhibition, Dreams and Conflicts, The Dictatorship of the Viewer, La Biennale di Venezia, Македонски павилјон, Венеција, 2003, In the Gorges of the Balkans, Museum Fridericianum, Касел, 2003, 59.Mostra Internazionale d'Arte Cinematografica, Венеција, светска премиера на експ. игран филм Судијата, 2002, 1st Berlin Photography Festival, International Festival for Contemporary Photography and Image Culture, AFTER THE FACT, Martin Gropius Bau, Берлин, 7th Buenos Aires International Independent Film Festival, Буенос Аирес, 2005, Gender Check, Museum für Moderne Kunst Stiftung Ludwig Wien, Виена, 2009, The (im)potence of the image. Differering images of the new Europe seen through the eyes of photographer Erich Lessing and contemporary artist, BELvue museum, Брисел, 2010, Унутарње ухо, Музеј модерне и сувремене умјетности, Риека, 2012, Recorded Memories, Museum für Photographie, 2013, Брауншвајг, Reflection; White – Black or not, Casoria Contemporary Art Museum, Неапол, 2013, Bienal del Fin del Mundo 4, Contrasts and Utopia, Casa del Puente, Мар дел Плата, Аргентина, 2014, Imago Mundi, Museo Toni Benetton, Тревизо, 2016 итн.

BIOGRAPHY

Zaneta Vangeli is born in Bitola, Macedonia in 1963. She graduated at the State Faculty for Fine Arts – Staedelschule (Staatliche Hochschule für Bildende Künste – Städelschule) in Frankfurt am Main in Germany. From 1988-2008 she was active as a freelance artist in Frankfurt/M. and Skopje. Since 2008 she works at the Faculty of Fine Arts at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje at the Department of Painting where she is an Associate Professor.

She is a multimedia artist working in painting, photography, installation, video and film. She had over 20 solo exhibitions in Skopje, Bitola, Stip, Hungen, Frankfurt/M., Hoechst, Cologne, New York, Stockholm, Adelaide etc. and participated at over 230 national and international group exhibitions and film festivals, such as: Yugoslav Documenta '89, Skenderija, Sarajevo, 1989, Anthology of Maceonian Fine Art 1894-1994, Museum of Contemporary Art, Skopje, 1994, Frankfurter Filmschau, Deutsches Filmmuseum, Frankfurt/M., 1994, 4th International Istanbul Biennial, Antrepo, Istanbul, 1995, 14th World Wide Video Festival, Haags Gemeentemuseum, Den Haag, 1996, After the Wall, Moderna Museet, Stockholm, 1999, Aspekte, Positionen, 50. Jahre Kunst aus Mitteleuropa 1949-1999, Museum Moderner Kunst Stiftung Ludwig Wien, Vienna, 1999, Regards Projetes, Art Video Dans les Balkans, Musee d'Art Moderne e Contemporain de Strasbourg, Strasbourg, 2000, Radiations - Macedonian Contemporary Art, The Japan Foundation Forum, Tokyo, 2000, 50th International Art Exhibition, Dreams and Conflicts, The Dictatorship of the Viewer, La Biennale di Venezia, Macedonian Pavilion, Venice, 2003, In the Gorges of the Balkans, Museum Fridericianum, Kassel, 2003, 59.Mostra Internazionale d'Arte Cinematografica, Venice, World Premiere of the experimental feature The Judge, 1st Berlin Photography Festival, International Festival for Contemporary Photography and Image Culture, AFTER THE FACT, Martin Gropius Bau, Berlin, 7th Buenos Aires International Independent Film Festival, Buenos Aires, 2005, Gender Check, Museum für Moderne Kunst Stiftung Ludwig Wien, Vienna, 2009, The (im)potence of the image. Differering images of the new Europe seen through the eyes of photographer Erich Lessing and contemporary artist, BELvue museum, Brussels, 2010, The Inner Ear, Museum for Modern and Contemporary Art, Rijeka, 2012, Recorded Memories, Museum für Photographie, Braunschweig, 2013, Reflection; White – Black or not, Casoria Contemporary Art Museum, Naples, 2013, Bienal del Fin del Mundo 4, Contrasts and Utopia, Casa del Puente, Mar del Plata, Argentina, 2014, Imago Mundi, Museo Toni Benetton, Treviso, 2016 итн.

Јавни колекции

Музеј на современата уметност, Скопје
Национална галерија на Македонија, Скопје
Muzej moderne i suvremene umjetnosti, Риека
Centre Andrè Malraux, Сараево
Sammlung Jan Anderas Müller, Франкфурт/М.
Stadt Frankfurt am Main, Amt für Wissenschaft und Kunst, Франкфурт/М.
Shashoua Collection, Лондон
Museo Toni Benetton, Тревизо

Public Collections

Museum for Contemporary Art, Skopje
National Gallery of Macedonia, Skopje
Museum for Modern and Contemporary Art, Rijeka
Centre Andrè Malraux, Sarajevo
Sammlung Jan Anderas Müller, Frankfurt/M.
Stadt Frankfurt am Main, Amt für Wissenschaft und Kunst, Frankfurt/M.
Shashoua Collection, London
Museo Toni Benetton, Treviso










*Судијата | The Judge*, 2001
експериментален игран филм, ц/б, 102 мин., Македонија/Германија
an experimental feature film, b/w, 102 minutes, Macedonia/Germany





*Интегрализам 2 | Integralism 2*, 2001-2006
Плотер принт/плексиглас | Plotter print/plexiglas




*Ex-F.Y.R.O.M.-изам или Непрестајната желба по вечноста / Постнационализам |*
*Ex-F.Y.R.O.M.-ism or The Constant Desire for Eternity / Postnationalism*, 1998
плотер принт/фото хартија | Plotter print/photo paper